**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.02.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 772 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 20 јануари 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 февруари 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор на емисијата „Јади бурек" емитувана на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, на 20 јануари 2017 година, **констатирано е прекршување на програмските начела за вршење на дејноста, односно на член 61 став 1 алинеи 1, 2, 3 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста; еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот; поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло и поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи.

Емисијата „Јади бурек", емитувана на 20 јануари 2017 година, е посветена на инаугурацијата на новоизбраниот претседател на САД Доналд Трамп. Не може да се определи жанровски. Вклучува пренос во живо (преку интернет) од инаугурацијата, разговори и коментирање од студио, интервју реализирано преку SKYPE, телефонски разговори со гледачи и користење други аудиовизуелни содржини во реализацијата.

Реализирана е во два дела. Првиот дел е емитуван во периодот од 16:06:18 до 19:02:16 часот, и е означен како програма од прва категорија, наменета за целата публика. Во овој дел, гости на водителот Јанко Илковски се Цветин Чилиманов и Борис Дамовски. Вториот дел е емитуван од 21:09:23 до 23:51:29 часот, и е означен како програма од втора категорија, што може да ја вознемири малолетната публика и за која се препорачува надзор од родител или старател. Во овој дел е реализирано интервју со Џејсон Мико, а со коментари се вклучуваат и гледачи.

Емисијата изобилува со вулгарности, непристојни коментари, недолични описи, јавно изложување на подбив, погрдна експресивна лексика и со навреди кои се однесуваат на расна, национална, полова и возрасна припадност. Однесувањето и комуникацијата меѓу водителот и гостите се крајно непримерни и несоодветни за јавна комуникација, емитувана преку телевизија.

Понижувачките коментари и епитети, главно се насочени кон политичарите, кои водителот ги означува како „либерални", припадници на Демократската партија во Соединетите Американски Држави, но и кон други јавни личности.

На пример: Доналд Трамп е *„бед мадер факер"*, а потоа е *„сељо"*. Кога се појавува Хилари Клинтон, водителот коментира - *„таа побегна во шуми да се крие, ...види како шизофрено го менува изгледот"*, па потоа симулира говор на Бил Клинтон - *„те клецав, ја клецав, ја ташкав, и тебе... ти после кај мене у офис, алал му вера, сите ги згрбави, тебе не сум те, здраво – живо, добар си – добар сум, таа внуката твоја, а тебе бабо не, тебе не би те, тоа бабоебац не... бегај мори дебело!..."*. Тифани Трамп, помладата ќерка на Доналд Трамп, (од гостинот Чилиманов) се нарекува *„плејбојка"*, а поранешниот американски потпретседател Дик Чејни се опишува како *„човек на кој му било четвртопетто срце инсталирано во него"*, *„робокап"*. За конгресмените, водителот коментира - *„... која геријатрија е ова?"... „камерманот брка црнци да фати во публика, тоа му е најтешка задача"*, Меланија Трамп е *„МИЛФ-ерица"*, за Мишел и Барак Обама водителот му се обраќа на гостинот Чилиманов: *„дали конечно ќе признаат дека се во геј-брак? Дека Мишел е мушко? Нека моча стоечки, зошто да се крие!"*, а понатаму ја именува како *„Мајкал"* и *„можна идна кандидатка за сераторка, овај сенаторка"*. За Вашингтон се коментира дека е град со 60% афро-американци, но дека во преносот нема ниту шестмина – Борис Дамовски: *„Зафатени се, кршат излози, има гага роба"*. Претседателот Иванов е *„џрк, ги остави тие од Бранко Црвенковски, соросии таму да му работат"*. Водителот Илковски реагира на присуството на мажи во кадарот: *„абе педер ли е режисерот? (откако е прикажана Меланија Трамп) Брадавицата ми е... капут да закачиш, се возбудив јас"*, а вели и *„се обедини шлајмот на Светот против (Трамп)!"*.

Во текот на емисијата, водителот и гостите реферираат на користење алкохол (виски и вотка), водителот дури ја повикува и целата екипа од реализацијата да им се придружи, понатаму се реферира на виткање џоинт, а водителот држи пура во раката. Цитати: *„.... коа сум имал ја два камермана бе? Што ти праи виски бе брат! Донесите чаши, озбилно!* (кон екипата во студиото*) Абе, мора за Трамп, не зае... ае, ае, мора за Трамп! По малце ви даам, не можам многу оти многу гости иам. За вотка малце поише ќе ви даам! Тоа ви е од Путин!"*. Некои од изјавите на водителот е тешко да се категоризираат и контекстуализираат. Во еден момент става црвена капа на која пишува Трамп, а на прашањето од гостинот каде ја купил вели – *„дадено ми е на заем со пиштол у глава, поздрав до Антонио, многу му благодарам..."* Во текот на преносот, при пренесувањето на коментарите од Интернет, во повеќе наврати се појавува симболот свастика, односно кукест крст, препознатлив како симбол на Третиот рајх и фашизмот.

## 8. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, дека со емисијата „Јади бурек", емитувана во два дела на 20 јануари 2017 година, грубо ги прекрши начелата од **член 61 став 1 алинеи 1, 2, 3 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** за: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста; еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот; поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло и поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи.

***Сектор за програмски работи***